**ПРЕДЛОГ - ГОДИШНА ПРОГРАМА**

**НА АКТИВНОСТИ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2025 ГОДИНА**

Годишната програма за еднакви можности на Општина Демир Хисар опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.
Политиката на остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите треба да овозможи еднакво учество, услови, статус и третман во остварувањето на правата во сите области на општественото живеење.

Еднаквоста помеѓу мажите и жените воспоставува основни права за сите и основни вредности за секоја демократија. Со цел да биде остварено, ова право не само што треба да биде легално препознатливо, туку и ефективно да биде применето на сите сфери од животот: политичката, социјалната, економската и културната. И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста помеѓу половите сè уште не е реалност во секојдневниот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сè уште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството. Податоците на глобално ниво зборуваат за сè уште постојната нееднаква дистрибуција на ресурси, права и моќ помеѓу мажите и жените. Имено, жените сè уште се соочуваат со нееднаквости во однос на можностите за вработување, добивање плата, пристап до правото на здравје и негово остварување, правата во бракот и семејството итн. Скоро во сите сфери на општественото живеење, пристапот до ваквата дистрибуција на ресурси и моќ најчесто го имаат мажите. Непочитувањето на женските човекови права подеднакво се случува како на ниво на законски прописи, така и во примена на секојдневните обичајни правила на однесување (доследно почитување на обичајните практики многу често водат кон ограничување на правата на жените).

Промовирањето на родово – одговорни политики и буџет води кон транспарентно инклузивно и отчетно управување во РСМ. Воспоставување на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е уставна категорија.

Оваа предлог- програма за еднакви можности на Општина Демир Хисар за 2025 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и Национална стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година. Основната цел на овој документ е да се подобри статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминацијата.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да презема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество. Локалната самоуправа има надлежност да промовира вистинско еднакво општество, односно преку своите ингеренции и директни надлежности во колаборација и координација со многу бројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на половата еднаквост.

Родовата еднаквост, исто така, претставува и една од темелните вредности на Европската Унија, воспоставена уште со Договорот од РИМ (1957 год.), со којшто се воведува принципот на еднаква плата за еднаква работа за понатаму да се третираат и бројни прашања во насока на намалување на јазот меѓу жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Единиците на локалната самоуправа за постигнување на целите од овој Закон, во рамките на своите надлежности, се должни да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности преку преземање на основни и посебни мерки од членовите 5, 6, 7 од овој Закон и да изработуваат Годишен план во кој ќе ги утврдат основните и посебните мерки.

Исто така, се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз мажите и жените и да ги известуваат во доменот на своите годишни извештаи, како и да учествуваат во подготвување на Стратегија за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. Единиците на локалната самоуправа имаат активна улога во создавањето на еднакви можности за мажите и жените на локално ниво, а најмногу инволвирани во оваа дејност се координаторот за ЕМ и КЕМ кои, всушност, се тесно поврзани и заедно носат иницијативи и предлог – мерки за унапредување на ЕМ и недискриминацијата.

Насилството врз жените не е само женско прашање, туку прашање кое се однесува на секој еден од нас. Токму затоа мора да работиме заеднички за да му ставиме крај. Кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство“ во Македонија се одбележува од 2014 година и има цел да ја подигне општествената свест и да поттикне на размислување за индивидуалниот и колективниот придонес во борбата за спречување на родово базираното насилство, а се случува секоја година во текот на 16 дена во периодот помеѓу 25. ноември – Меѓународниот ден за елиминација на насилството против жените и 10. декември – Меѓународниот ден на човековите права.

**Со цел континуирано подобрување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење и заштита и спречување на дискриминација на територијата на Општина Демир Хисар, планирани се следните активности во 2025 година:**

| **Конкретни цели** | **Предвидени мерки и активности** | **Времен ска рамка** | **Индикатори** | **Ресурси** | **Носители** | **Буџет (ден.)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Економско јакнење на жените**<br><br>**Зголемување на вработеноста на жените** | Организирање на обуки за јакнење на самодовербата на невработените жени преку промоција на мерки за вработување и сопствен бизнис (2. обуки)<br><br>Едукација и помош при аплицирање и доставување на документација за регистрирање на жени земјоделки.<br><br>Едукација и поддршка за аплицирање и искористување на Ипард програми за жени земјоделки. | 2025 година | - Бр.на одржани трибини, обуки<br><br>- број на посетители<br><br>- зголемен број на вработени жени<br><br>- Број на започнати бизниси | Општински простории<br><br>Стручен кадар | **КЕМ**<br><br>Граѓански организации<br><br>АВРМ | 20.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2. Унапредување на здравјето на мажите и жените во однос на малигните заболувања** | Спроведување здравствена едукација за рано откривање на малигни заболувања (2. трибини)<br><br>Одбележување на месец октомври – месец на рак на дојка, обезбедување на помагала или друга помош (превоз) на жени оперирани од рак на дојка. | 2025 година | - Бр.на одржани трибини<br>- Бр. на посетители<br>- Подобрена информираност за ризиците, превенција и заштита<br>- Зголемен број на контролни прегледи | Општински простории<br><br>Стручен кадар<br><br>Едукативен материјал<br><br>Изработка на флаери | **КЕМ**<br><br>Граѓански организации<br><br>ОО Црвен крст<br><br>ЈЗУ Здравствен дом, Демир Хисар | 10.000,00 |
| **3. Поддршка на еднородителски семејства** | Обезбедување потребни средства за материјал за на училиште.<br><br>Обезбедување членарина во библиотека, играорна, спорт или други слични факултативни активности бесплатно кои се достапни во општината. | 2025 година | - Бр.на одржани трибини и работилници<br><br>- Бр.на посетители<br><br>- Зајакната свесност за родова еднаквост | Простории (соодветни општински и институционални)<br><br>Техничка опрема<br><br>Човечки ресурси | **КЕМ**<br><br>Граѓански организации<br><br>Експертски тим | 15.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Намалување, превенција и заштита од родово базирано насилство семејно насилство и други облици на насилство, како и заштита на жртвите**<br><br>**- Одбележување на светската кампања: “16 дена активизам против родово -базирано насилство”.**<br><br>**-Поставување на Билборд по повод кампањата против родово базирано насилство.**<br>**- Организирање едукативни работилници за деца од повисоките класови на тема сексуално образование, заштита од преносливи болести и несакана бременност.** | Едукација за облици на родово базирано насилство преку работилници за подигање на свеста за превенција и заштита од родово насилство во училиштата (3 работил.)<br><br>Организарање на средба со претставници од советувалиште за помош на лица жртви од семејно насилство.<br><br>Во организација на училиштата со вклучување на образовниот кадар и директорите. | 2025 година | -Бр. на одржани работилници<br>-бр. на учесници<br><br>-Зајакната свесност и зголемена информираност<br><br>-Изработка на флаери – едукативни материјали, брошури<br><br>-Бројни панели и работилници, низа активности во медиумите и во јавните места | Општински простории<br><br>Стручен кадар<br><br>-Плоштад во Демир Хисар<br>- Организарана поворка/дефиле низ локалните улици | **КЕМ**<br><br>Основни училишта<br><br>Средно општинско училиште<br><br>Граѓански организации<br><br>Целокупна општествена јавност | 15.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Организирање на гастрономски саем на производи на жени од општината.** | | | | | | |

**Вкупно 60.000,00 ден.**

**Изработил:** **Совет на Општина Демир Хисар**

**Даниел Станојоски, помлад референт** **Претседател**

**Координатор за еднакви можности** **Љупчо Најдовски**

**ЕЛС Демир Хисар**

_________________ _________________

**ДЕКЕМВРИ, 2024**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**